Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на РСМ" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), а во врска со објавениот интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување**

1. За работното место Советник за спроведување едукација, подигање на јавната свест и развивање на концептот на интегритет, Одделение за стратешко планирање, соработка, проекти, аналитика и едукација, Сектор за стратешко планирање и интегритет, се избира кандидатот **Сашко Колев**.
2. Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.
3. Одлуката за избор на кандидатот за унапредување ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Државната комисија за спречување на корупцијата по добиено известување со архивски број 18-7095/2 од 20.06.2023 година од Министерството за финансии, за обезбедени финансиски средства во буџетот на ДКСК за тековната фискална 2023 година, за унапредување на 1 (едно) лице, на работно место Советник за спроведување едукација, подигање на јавната свест и развивање на концептот на интегритет, Одделение за стратешко планирање, соработка, проекти, аналитика и едукација, Сектор за стратешко планирање и интегритет, ја започна постапката за унапредување на административни службеници со барање бр.04-2639/3 од 03.07.2023 година, во кое беше назначено нивото и описот на работното место кое се предлага за пополнување.

За започнувањето на постапката за унапредување и објавувањето на интерниот оглас е доставено известување до Агенцијата за администрација бр.04-2639/5 од 22.06.2023 година, по што на ден 06.07.2023 година интерниот оглас број 01/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата е објавен на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата и на веб страната на Агенцијата за администрација.

За спроведување на постапката за селекција за унапредување по интерниот оглас - фаза административна селекција и интервју, со Решение број 04-2639/8 од 11.07.2023 година формирана е Комисија за селекција за унапредување.

На интерниот оглас за горенаведеното работно место се пријави еден кандидат.

Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас, при спроведувањето на постапката на административна селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавата со општите и посебни услови објавени во интерниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодирање, за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас, број 04-2639/9 од 12.07.2023 година.

По спроведената административна селекција со единствениот уреден кандидат се спроведе интервју.

Врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас состави Финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на Финалната ранг листа и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе одлука за избор на кандидатот Сашко Колев.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука .

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатот и објава на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Генерален секретар,**
**м-р Ирена Поповска**

Изработил: Весна Донева

Доставено до:
- Именуваниот административен службеник
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива